**20182454601**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 188 и член 215 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 ), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ОБЈЕКТИ

Во Правилникот за запишување на инфраструктурните објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 64/14, 183/14, 56/15, 147/15, 184/15 и 88/17), по членот 18 се додава нов наслов и нов член 18-а кој гласи:

Член 1

„Запишување на евидентиран инфраструктурен објект

Член 18-а

Запишување на евидентиран инфраструктурен објект во катастарот на инфраструктурни објекти, се врши по доставување на подобен правен основ, врз основа на веќе доставениот геодетски елаборат по кој е извршено евидентирањето, доколку се утврди соодветност на податоците во смисол на член 175 став (3), односно подобност на правните основи за запишување во смисол на член 176 од од Законот.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-53043/1
27 декември 2018 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Ирма Мандева,** с.р.